# Колажот расте

**„Чудна шума - втор дел“ на Емилија Божиновска, 19-27 ноември, Културен центар „Точка“, Скопје.**

Емилија Божиновска е родена 1973 во Скопје. Дипломирала 1999 на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, сликарски оддел со модно креирање, во класата на проф. Душан Перчинков. Од 2000 е член на ДЛУМ. Учествувала на повеќе групни изложби во земјава, а претставувањето во Културниот центар „Точка“ (како дел од проектот „Слевање на маргините“ на организацијата Контрапункт) е нејзина втора самостојна изложба.

Насловот на најновиот проект на Емилија Божиновска е „Чудна шума - втор дел“ и укажува на некакво продолжение. Всушност, идејата поврзана со растителните форми, поточно шумата и дрвјата, авторката ја следи и ја развива уште од нејзините студентски денови.

Во „Чудна шума - втор дел“ претставени се колажи изработени од готова боена хартија, материјал кој ја поттикнува спонтаноста во изразот со која настануваат фрагментите на дрвата. Материјалот нуди безброј можности за „импровизациски детски игри“, а воедно и помага во постигнувањето на едноставните визуелни решенија. Врз еднобојната плоха се монтираат исто така еднобојни (понекогаш светликави) фрагменти од хартија, за да се постигне конечниот ефект на динамична шарена/декоративна структура. Композициите се состојат од разиграни растителни форми кои со ритмичкото повторување на мотивите асоцираат на визуелна поезија.

Колажите се различни и ги има од неколку фази, но тука не застанува интересот за ваквиот начин на израз. Во случајов, авторката сакајќи да го прикаже начинот на создавање на колажот, излегува надвор од ограниченоста на листот/подлога за лепењето форми и продолжува во акција на освојување на просторот на галеријата.

**Маја ЧАНКУЛОВСКА**

13 45, 26.11.200